**До**
**Редакција на интернет порталот skopje1.mk**

**Предмет:** реакција на објавен текст и демант

Почитувани,

Во својство на полномошник на учесник во постапка за која пишувате на Вашиот портал во текстот под наслов **„Нови имиња во Судскиот совет, а стари сомнежи во правосудството“** објавен на ден 18.01.2026 година, во име на учесник во постапката, барам да ја објавите следната реакција и демант:

1. Реакцијата се однесува на дел од објавениот текст во кој наведувате дека еден од најекспонираните случаи во кои директно се отворило прашањето за одговорност на судии е предметот „Телеком“, при што во текстот **ги наведувате имињата и презимињата на судиите од жалбениот совет од Апелациониот суд** кои ја донеле пресудата со која Телеком го изгубил судскиот спор за надомест на штета од злоупотреба на монополска положба, утврдена со правосилна пресуда на Вишиот управен суд.

2. Со објавувањето на имињата на судиите Вие директно ја нарушувате тајноста на постапката која сеуште се води пред Судскиот совет и не е правосилно завршена. На овој начин Вие како медиум**, Вашиот главен и одговорен уредник, како и лицето кое Ви ја пренело службената тајна, сте сторители на кривични дела казниви по член 360 и 369 од КЗ, за кое нешто ќе биде поднесена кривична пријава.** На неколку портали веќе беа објавувани нарачани текстови со невистинита содржина од учесник во постапката по што беа објавувани деманти, (последен објавен демант на порталот Фактор.мк од 26.06.2026 година), но со продолжувањето на истиот начин на однесување и постапување, сега од Вашиот портал, и Вие станувате сторител на кривично дело.

3. Во објавениот текст сте навеле цитирам: „По разгледување на предметот, Судскиот совет **утврди** сериозни прекршувања и недоследности во постапувањето на Апелација, меѓу кои и постоење на два записника од исто рочиште, од кои едниот, според наводите, бил лажен“, завршен цитат. Пишувате за наводни прекршувања кои Судскиот совет ги утврдил иако не постои објавена одлука од која тоа би произлегло. **За објавување на текст со невистинита и непроверена содржина** со намера да создадете погрешна перцепција во јавноста за судиите и да го нарушите нивниот углед, а

Адвокат Ѓорге Поп-Кочев
Скопје, ул.Ѓуро Стругар бр.11А-1/2
тел.: 078/215-310
advpopkocev@gmail.com

да го задоволите интересот на Телеком, исто така сносите кривична одговорност. За волја на вистината и објективно информирање на јавноста, објавената вест дека постојат два записника е лажна и невистинита, односно во предметот постои еден единствен записник изготвен и потпишан согласно закон.

Со Почит

Адвокат Ѓорге Поп-Кочев